Бр. 03-92
24.04.2023
СТРУМИЦА

Врз основа на член 385 и член 387 од Законот за трговските друштва, а согласно член 45 од Статутот на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица и Одлуката на Управниот одбор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, Генералниот директор на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица, објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА СВИКУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица со седиште во ул. Гоце Делчев бр.62 Струмица

Седницата на собранието на акционери ќе се одржи на ден 26.05.2023 година со почеток во 12 часот во седиштето на друштвото на ул. Гоце Делчев бр.62 Струмица

За седницата на собранието се предлага следниот

### ДНЕВЕН РЕД

I. Процедурален дел

1. Отворање на собрание на акционери;
2. Утврдување на кворум за работа на собрание
   - Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници.
3. Избор на работни тела:
   - Избор на Претседавач на собрание;
   - Избор на записничар на собрание
   - Именување на Нотар за водење на Записникот на собранието.

II. Работен дел

1. Донесување на Одлука за усвојување на Записник од претходна седница на Собрание на акционери на друштвото
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансискиот и годишниот извештај за работењето на друштвото во 2022 година
3. Разгледување и усвојување на ревизорскиот извештај за работењето на друштвото во 2022 година
4. Донесување на Одлука за одобрување на работата и водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Управниот одбор на друштвото
5. Донесување на одлука за одобрување на работата и водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Надзорниот одбор на друштвото

6. Донесување на Одлука за избор на членови на Надзорен одбор на друштвото
7. Донесување на Одлука за отповикување на членови на Надзорен одбор на друштвото
8. Донесување на Одлука за именување на членови на Надзорен одбор на друштвото
9. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за 2023 година
10. Донесување на одлука за склучување на договор за купопродажба на недвижен имот согласно анекс на преддоговор за купопродажба склучен на ден 10.02.2022 година помеѓу Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица како продавач и Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕВРОГРАДБА-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Владевци, Василево, како купувач согласно договорот.
11. Програма за работа на друштвото во 2023 година
12. Разно

Вкупен број на акции на Акционерско друштво конфекција и трикотажа ЕДИНСТВО Струмица се 40397 обични акции со право на глас.

Акционерите своето присуство можат, лично или со полномошно да го пријават најдоцна до почеток на седницата на Собранието.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се ставени на дневниот ред.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат во рок од 8 дена од денот на објавувањето на овој Повик да предложат нови точки на Дневниот ред.

Секој акционер има право да поставува прашања за секоја од точките на дневниот ред. Одговор се дава на самата седница или преку интернет страницата.

Материјалите од Дневниот ред може да се разгледат во седиштето на друштвото и на интернет адресата на друштвото www.edinstvosr.com.

АДКТ ЕДИНСТВО Струмица

Генерален директор

САШКО КУЗМАНОВ